## *ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, ОКОЛИНА И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА на друштвото ИЛИНДЕН А.Д. СТРУГА*

ИЛИНДЕН А.Д. СТРУГА е компанија која е целосно посветена на примената на квалитетот како систем на работа и истиот е од големо значење и е на највисоко ниво.

Основната цел на компанијата е да ги задоволи потребите на клиентите и нивните очекувања преку нудење квалитетни и еколошки производи и услуги од областа на градежништвото (Нискоградба, Високоградба, Хидроградба). Системот за управување со квалитет, околина и безбедност при работа според барањата на стандардите ISO 9001:2015, ISO 14001:2015 и OHSAS 18001:2007 континуирано се надгледуваат и унапредуваат со цел да бидат исполнети Политиката и целите на компанијата.

Остварување на целите дефинирани со Политиката на квалитет, околина и безбедност при работа е постојана задача во ИЛИНДЕН АД - СТРУГА.

Политиката за квалитет во ИЛИНДЕН АД - СТРУГА се заснова на:

- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА изјавува дека главната цел на раководството и целиот персонал е давање на квалитетен и еколошки производ и услуга на своите клиенти што одговара на сите нормативни барања и е во согласност со стандардите пропишани во градежништвото.
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА континуирано ќе го следи степенот на задоволство на клиентите и ќе ги проучува и исполнува нивните препораки, барања и рекламации се со цел истите да ги користи за подобрување на своите производи и услуги .
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА се грижи за долготрајна и квалитетна соработка со своите клиенти, добавувачи и подизведувачи со цел обезбедување на квалитетни производи и услуги.
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА се стреми да одржува тим од висококвалификуван и мотивиран персонал и води сметка за одржување и благопријатен творечки амбиент, при што секој извршител да биде свесен за важноста на своите дејствија во однос на задоволувањето на барањата на клиентите и просперитетот на фирмата.
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА ќе се грижи за континуирана обука и едукација на вработените како основна потпора на Системите за управување со квалитет, околина и безбедност при работа.
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА ќе ги поддржува Системите за управување со квалитет, околина и безбедност при работа во согласност со барањата на меѓународните стандарди ISO 9001:2015, ISO 14001:2015 и OHSAS 18001:2007.
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА се обврзува на идентификација на корективни и превентивни мерки за постојано унапредување на квалитетот на производите и услугите кои ги нуди.
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА ќе вложува максимални напори за зачувување на здравјето и безбедноста при работа на нашите вработени, клиенти, добавувачи и подизведувачи.
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА ќе ги почитува и следи принципите за безбедна работа.
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА ќе ги следи, почитува и исполни сите законски прописи од областа на безбедноста и здравјето при работа.
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА ќе применува нови и економски оправдани технологии за заштита и унапредување на околината.
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА ќе се придржува кон рециклирање на отпадот и намалување на потрошувачката на енергија.
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА ќе се насочи кон минимизирање на испуштањето на отпадни материи во околината и емисии во воздухот , со контрола на загадувањето, и каде што е можно намалување, рециклирање и повторно искористување на отпадот.
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА ќе врши постојана контрола на производните процеси заради обезбедување на ефикасност на мерките за заштита на околината.
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА се обврзува на исполнување на барањата на Законската регулатива од областа на заштита на работната и на животната средина, како и чување на ресурсите и инвестициите на најдобар можен начин.
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА се обврзува на идентификување на сите аспекти на животната средина до кои се доаѓа или може да се дојде и ставање под контрола на значајните аспекти за животната средина.
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА постојано ќе се стреми кон подобрување на своите дејности и услуги да бидат во склад со животната средина, преку доследно почитување на законите, прописите и стандардите.
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА се обврзува на исполнување на барањата на Законската регулатива од областа на заштита на здравјето и безбедност при работа.
- ИЛИНДЕН АД - СТРУГА ќе вложува максимални напори за зачувување на здравјето и безбедноста на сите заинтерсирани страни во деловни активности.

*Во Струга, 19.10.2017 год.*

***Генерален Извршен Директор***
***Радован Трајкоски***